Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**Ип. 1 бр. 57-21**
**Датум:** 15.5.2020 г.

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Маја Митревска, виш инспектор со службена легитимација број 004, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор – физичко лице од Скопје, корисник на средства од Буџетот на РСМ, со живеалиште на бул. „Јане Сандански“ бр. во Скопје, со ЕМБГ: и со Записник Ип. 1 бр. 57-21 од 11.5.2020 година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново

## РЕШЕНИЕ

1) СЕ НАРЕДУВА на , физичко лице (корисник на средства од Буџетот на РСМ) од Скопје, да ги врати во Буџетот на РСМ, ненаменски потрошените средства во износ од 420.000 денари, наменети за реализација на Проектите -„ “, од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн, согласно со Договорот бр. 22-4598/1 од 11.4.2019 година.

Средствата да бидат вратени со налог ПП 50, пополнет на следниот начин:Назив на примач – **Буџет на РСМ**, Банка на примач – **НБРМ**, Трансакциска сметка – **100-0000000-630-95**, Сметка на корисник – **6300100019-630-19**, Приходна шифра **725939**, Програма **00**, Повикување на број задолжување – **464990-41-180100042663712 конто 464990 програма 60**.

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 30 дена од приемот на Решението.

3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**Образложение**

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 68 и член 82 став (1) од Законот за културата, преку Маја Митревска, виш инспектор со службена легитимација бр. 004, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор [redacted], физичко лице од Скопје со живеалиште на бул. „Јане Сандански“ бр. [redacted] во Скопје, со ЕМБГ: [redacted] и состави Записник Ип. 1 бр. 57-21 од 11.5.2020 година, во кој е констатирано: дека преведените 420.000 денари за Проектите -„[redacted]“, од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн, **корисникот ги потрошил ненаменски и тоа 217.266 денари за секојдневни домашни потреби, во функција за реализација на проектите, односно за набавка на материјали потрошил само 75.673 денари, додека за трошењето на преостанатиот дел од преведените буџетски средства во износ од 127.061 денари не е доставена никаква документација,** што не е во согласност со Оперативните и финасиски планови кој што се составен дел од Договорот и што е обврска по член 68 став (2) од ЗК.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-21 од 15.3.2020 година.

Виш инспектор
со службена легитимација број 004,
Маја Митревска


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk